## Зошто Алкалоид?

Затоа што сме една од водечките фармацевтски компании во регионот, која постојано тежнее кон супериорен квалитет на производите, како и кон висока професионалност и континуиран успех. Постојано инвестираме во нашиот сон за поздрав живот на секој поединец затоа што веруваме дека **ЗДРАВЈЕТО Е ПРЕД СÈ!**




# ПРИКЛУЧЕТЕ СЕ КОН НАШИОТ ТИМ!

### Позиција: ИСТРАЖУВАЧ ВО ТЕХНИЧКИ ОПЕРАЦИИ ЗА ПРОИЗВОДСТВО – ТЕХНОЛОГИЈА (3 извршители)

### Оддел: ИСТРАЖУВАЊЕ И РАЗВОЈ (ФАРМАЦИЈА) – Развој на технологија и процес

Доколку сакате да бидете дел од тимот на Истражување и развој (фармација) во модерна фармацевтска компанија која од секој аспект води грижа за своите вработени и доколку ги поседувате потребните квалификации, ПРИЈАВЕТЕ СЕ!

### Како ќе ве препознаеме?

- Имате завршено високо образование – магистер по фармација/дипломиран фармацевт или технолошки инженер.
- Имате најмалку 1 год. работно искуство во лабораторија или во производство.
- Предност ќе имаат кандидатите со работно искуство во фармацевтската индустрија.
- Имате стручно познавање од областа на фармацевтската технологија.
- Имате познавање од законската регулатива за лековите.
- Имате познавање од интерпретирањето и од примената на регулаторните барања.
- Имате познавања од областите на интегрираниот менаџмент-систем и безбедност и здравје при работа.
- Ориентирани сте спрема континуирано подобрување на процесите.
- Имате критички пристап спрема работата и аналитичко размислување.
- Имате развиени комуникациски вештини и ориентација спрема тимска работа.
- Самоуверени сте во работата со пакетот MS Office.
- Имате одлично познавање на англискиот јазик.

### Цели и одговорности на работното место

- Учество во трансфер на знаење за нов производ
- Изведба на активности поврзани со процесот на промени и на континуирано подобрување на процесите на комерцијалните производи
- Изведување лабораториски проби за промени во животниот циклус на производот
- Изведување развој и оптимизација на процесот во производството
- Изведување активности за валидација на процес
- Изработка на документација за регистрација, производствени протоколи и на валидациска документација
- Учество во квалификацијата, калибрацијата и во сервисот на соодветните инструменти и опрема
- Литературно истражување и следење нови технолошки сознанија, пребарување информации од стручни бази и од законски регулативи, како и подготвување извештаи, сопови и други документи поврзани со работата

### Што нудиме?

- Можности за континуиран професионален и личен раст и развој
- Компетитивни месечни приходи
- Дополнителни награди и придобивки во зависност од остварените цели

**АПЛИЦИРАЈТЕ** на следниот линк: https://career.alkaloid.com.mk/career_opportunities/details/55

АЛКАЛОИД
СКОПЈЕ
Здравјето пред сè